РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-402
18.12. 2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4321/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/13 од 17.12.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка –јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 9-ти ноември 2020 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, односно емитуваше 1 час 53 минути и 11 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 8.30% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа и 44 минути), или за 4 часа 56 минути и 1 секунда помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува. Исто така, Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, половина од законскиот минимум за емитување на програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела (3 часа 24 минути и 36 секунди) не го емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот, односно во овој период емитуваше 31 минута и 2 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што е за 2 часа 53 минути и 34 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4321/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 9-ти ноември 2020 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Со надзорот е констатирано дека на 9-ти ноември 2020 година, Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуваше 1 час 53 минути и 11 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 8.30% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа и 44 минути). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 9-ти ноември што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:44:00) е 6 часа 49 минути и 12 секунди, при што констатирано е дека Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево емитуваше за 4 часа 56 минути и 1 секунда помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Половина од законскиот минимум (06:49:12) е 3 часа 24 минути и 36 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 31 минута и 2 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 2 часа 53 минути и 34 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4321/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево на 27.11.2020 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-402 од 27.11.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4321/1 од

25.11.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во предвидениот рок, Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4321/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/13 од 17.12.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Заменик на Претседателот на Советот,**

**д-р Милаим ФЕТАИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4321/1 од 25.11.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

25.11.2020
10 4321/1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево

3. **Период опфатен со надзорот:** 9 ноември 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 6 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 9 ноември 2020 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат

дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 9 ноември 2020 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, емитуваше 1 час 53 минути и 11 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **8.30%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа и 44 минути). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 9 ноември што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:44:00), е 6 часа 49 минути и 12 секунди. Телевизија Ускана Медиа емитуваше за 4 часа 56 минути и 1 секунда помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 06:49:12) е 3 часа 24 минути и 36 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 31 минута и 2 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 2 часа 53 минути и 34 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, на 9 ноември 2020 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*